АВТОРСКИ КОМЕНТАР #3
Серија: Транспарентни и отчетни безбедносно-разузнавачки служби

ПАРЛАМЕНТАРЕН НАДЗОР ВРЗ БЕЗБЕДНОСНО-РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АВТОР: м-р Александар Стојановски

ЕВРОТИНК
ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
EUROTHINK
eurothink.mk

МАРТ, 2021

Од што се состои парламентарниот надзор врз безбедносно разузнавачкиот апарат во Северна Македонија?

Во рамки на системот за надзор врз работата на разузнавачките служби во Северна Македонија, постојат неколку сегменти на надзор и контрола. Парламентарниот надзор е еден сегмент од демократскиот надзор над безбедносните и разузнавачките служби во Северна Македонија. Демократскиот надзор е од фундаментално значење за унапредување на владеењето на правото, одржување проверки и рамнотежи и обезбедување контрола на граѓаните врз еден од најинтрузивните сектори на управување, преку нивните избрани претставници.[1] Во овој авторски коментар, ќе ги претставиме надлежностите на телата кои го претставуваат парламентарниот надзор врз работењето на разузнавачките служби. Исто така ќе ги погледнеме и бројот на седници на релевантните комисии во текот на работата на Собранието во периодот 2016-2020 година.
Според позитивните законски прописи, во рамки на Собранието на Република Северна Македонија надзорните надлежности се делегирани на повеќе собраниски комисии: Комисијата за одбрана и безбедност, Комисија за надзор на работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање и Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите.

1. Комисија за одбрана и безбедност

Собраниската Комисија за одбрана и безбедност има за цел да се грижи за повеќе делегирани прашања: заштита на поредокот утврден со Уставот; остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста; одбрана на Републиката и цивилната заштита; соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кои Републиката пристапила; интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации; но и други прашања што се однесуваат на одбраната и безбедноста на државата и граѓаните.

Оваа Комисија меѓу другото, „се занимава со нацрт-законодавството во областа на безбедноста и одбраната, предложените одлуки за испраќање персонал во мировни мисии и други документи.”[2] Интензивната работа на оваа комисија во периодот 2016-2020 се должи на влезот на Република Северна Македонија во НАТО Алијансата, но и интензивните реформи кои се случуваа во делот на основање на Агенцијата за национална безбедност.

Во периодот 2016-2020 Комисијата за одбрана и безбедност има одржано 57 седници.

[1] Лембовска, М., Стефановски, И., Стојановски, А. “Преосмислување на демократскиот надзор над безбедносните и разузнавачките служби во Северна Македонија”, Евротинк, Скопје, 2021. Достапно на: http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/03/09.03.2021-mk-verzija.pdf

[2] Лембовска, М. 2020 година, Повеќе од (Де) политизација: Улогата на безбедносно-разузнавачките служби во (де)заробувањето на државата, ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии, Скопје, стр. 30-1 http://www.eurothink.mk/gridfs/data/id/ae0364b4acc4ce34b5d9277c

2. Комисија за надзор на работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање

Комисијата за надзор на работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање (Комисија за надзор на АНБ и АР) презема карактеристична, но и посуштинска улога во вршењето парламентарен надзор над разузнавачките служби. Главните надлежности на оваа Комисија се: разгледување на почитувањето на правата и слободите на граѓаните и другите правни лица, од страна на АНБ и АР; Проверка на почитувањето на законот при вршење на овластувањата на АНБ и АР во смисла на пречекорување во нивните овластувања, неовластени активности, злоупотреба и други неповолни трендови во неговата работа спротивно на нивните права утврдени со закон; Оваа комисија исто така има надлежност одблиску да ги следи методите и средствата што ги користат АНБ и АР во однос на почитувањето на законот и почитувањето на граѓанските и правата на другите субјекти; Понатаму, во рамки на надзорните надлежности, оваа комисија се занимава и со следење на материјалната, кадровската и техничката опременост на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање; На крајот, во рамки на оваа Комисија се води и дискусија за воспоставување меѓународна соработка за прашања што се однесуваат на надзор и супервизија над разузнавањето, како и други прашања во врска со двете агенции.

Оваа комисија има за задача да ги разгледа годишните извештаи на двете агенции, да го анализира работењето на овие две агенции низ призма на надзор, технички обврски што произлегуваат од Законот за Агенција за национална безбедност и Законот за Агенција за разузнавање,
Комисијата за надзор на АНБ и АР, во периодот 2016-2020 има одржано 10 седници.

3. Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите.

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, претежно е посветена на контролирање на работата на новооснованата Оперативно-техничка агенција (ОТА) и телата кои имаат надлежност да ги пресретнуваат комуникациите. Работата на оваа Комисија е, главно, поврзана, но не и ограничена на следниве прашања: надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникацијата; Конретно, во рамки на оваа комисија фокусот е ставен врз разгледување на законитоста за спроведување на мерките за следење на комуникациите што ги спроведува ОТА; Понатаму, оваа комисија е надлежна за разгледување на ефективноста на спроведувањето на посебните истражни мерки, но и подготовка на годишни извештаи за надзорот; Како последна надлежност на оваа комисија делегирано е и воспоставување меѓународна соработка за прашања поврзани со надзор и други прашања и активности во врска со спроведувањето на мерките за следење на комуникацијата.

Оваа комисија, поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година. Комисијата спроведува посети на терен - постапувајќи согласно законската обврска воведена со Законот за следење на комуникациите, тие да се преземаат најмалку еднаш на секои три месеци.[3]

Комисијата за надзор над следењето на комуникациите во периодот 2016-2020 има одржано 15 седници.

[3] Член 44, Закон за следење на комуникациите, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 71/2018

Фрагментацијата на парламентарниот надзор во рамки на овие три комисии со себе носи предизвици. Комисијата за одбрана и безбедност може да овозможи само општ, односно поблаг надзор врз безбедносно-разузнавачкиот апарат. Фактот дека оваа комисија е задолжена за бројни безбедносни прашања кои во голем дел се однесуваат на области кои не се директно поврзани со разузнавачки активности, ни дава за право да заклучиме дека сепак потребна е специјализирана парламентарна комисија која ке се занимава со посуштински надзор врз безбедносно-разузнавачкиот апарат.

Споредбените анализи покажуваат дека една специјализирана Комисија за надзор на разузнавачко безбедносниот систем е единствен начин да се дојде до кохерентен и јасно дефиниран систем за парламентарен надзор.[4] Како што покажува анализата на ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, постоењето на две специјализирани комисии во Северна Македонија е недоволно оптимално, притоа оставајќи празнини и преклопувања на одговорностите.[5] За да се надминат проблемите предизвикани од поделбата на надзорот на повеќе комисии, но и да се овозможи сеопфатно и јасно дефинирано извршување на надзорната функција, потребно е да се направи промена на моделот. За конкретниот предложен формат и надлежностите на една специјализирана парламентарна комисија за надзор над разузнавачко-безбедносниот систем може повеќе да дознаете тука.

Поддржано од

Geneva Centre for Security Sector Governance

Оваа публикација е дел од активностите за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на програмата „Реформи во разузнавачкиот сектор во Северна Македонија (2017-2021)“. Содржината на оваа публикација не секогаш ги изразува ставовите и мислењата на донаторите, ниту на ДЦАФ.

Kingdom of the Netherlands

Sweden Sverige

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss agency for Development and cooperation SDC

[4] Вилс, А., Вермелен, М., Роден, Х., Шеинин, М. и Вибеш, М. „Парламентарен надзор над безбедносните и разузнавачките агенции во Европската Унија“, Европски парламент, Брисел, 2011. Достапно на: https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/etudes/join/2011/453207/IPOL-LIBE_ET(2011)453207_EN.pdf

[5] Лембовска, М., Стефановски, И., Стојановски, А. “Преосмислување на демократскиот надзор над безбедносните и разузнавачките служби во Северна Македонија”, Евротинк, Скопје, 2021. Достапно на: http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/03/09.03.2021-mk-verzija.pdf